РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Бр.-Nr. 08-360/6

05.09. 20 23 год.-viti

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 57 седница одржана на 27.04.2023 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за акредитација на студиската програма „Општа и компаративна книжевност - наставна насока", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Општа и компаративна книжевност - наставна насока", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.

По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и со стручен назив: Дипломиран филолог по Општа и компаративна книжевност - наставна насока /во меѓународен промет, стручен, назив: Bachelor in comparative literature - Teaching/Pedagogical.
Научно - истражувачко подрачје: 6 Хуманистички науки; Научно – истражувачко поле: 604 Наука за јзикот (лингвистика), 612 Наука за книжевноста, Научно – истражувачка област: 64000 Македонистика, 64010 Општа лингвистика, 64013 Фонетика, 64014 Фонологија, 64015 Социолингвистика, 64016 Психолингвистика, 64017 Невролингвистика, 64018 Граматика, семантика, семиотика, синтакса 64019 Лексикологија 64020 Историја на јазикот 64027 Дијалектологија 64028 Методика на јазик 61200 Македонска книжевност и јужнословенски книжевности во средниот век, 61201 Македонска книжевност и јужнословенски книжевности 15-18 век, 61202 Македонска книжевност 14 и Македонска книжевност 20 век, 61203 Историја на јужнословенските книжевности, 61204 Нова хрватска, словенечка и српска книжевност, 61205 Современи јужнословенски книжевности, 61206 Народна книжевност, 61207 Теорија на книжевноста.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 70 студенти.
5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

По предходно донесената Одлука бр. 02-1157/29 од 27.12.2022 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Општа и компаративна книжевност - наставна насока", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје, Универзитет „Св.Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08-39/24 од 25.01.2023 година (наш бр. 08 - 360/1 од 30.01.2023 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 52-та седницата одржана на 14.02.2023 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 360/3 од 03.05.2023 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 57-та седница одржана на 27.04.2023 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова